Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 39, 3 мај 2010 година

мај 2010 година
Штип

## СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник - помлад асистент од научната област педологија на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ............ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на еден помлад асистент/асистент за наставно - научната област ботаника на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ............ 5

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научната област растителна екологија и фитоценологија на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ............ 11

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за наставно-научната област хемија на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ............ 21

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент по економика на земјоделството и основи на агроекономија на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ............ 25

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент во научната област менаџмент на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ............ 31

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област меѓународна економија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ............ 40

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област историја на економската мисла на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ............ 48

**РЕФЕРАТ** за избор на двајца соработници во соработничко звање асистент за научната област финансии и банкарство на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ............ 52

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област економска теорија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ............ 61

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент во научната област статистика на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ............ 68

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент за научната област математика на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ............ 74

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научно подрачје стоматологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ............ 77

**РЕФЕРАТ** за избор на асисистент (специјалист) за научната област ортопедски болести на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ............ 84

**РЕФЕРАТ**за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научното подрачје фундаментални медицински науки на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ............ 87

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА ДВАЈЦА СОРАБОТНИЦИ ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ ФИНАНСИИ И БАНКАРСТВО НА ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.1702-37/23 од 18.2.2010 година, донесена на првата седница на Наставно-научниот совет на Економски факултет, одржана на 18.2.2010 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на двајца соработници во соработничко звање асистент за научната област ***финансии и банкарство на Економскиот факултет*** при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Дневник” и „Лајм“, на 4.2.2010 год., и во предвидениот рок се пријавија кандидатите:

1. м-р Стеван Габер, магистер по економски науки, вработен на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип како асистент на предметите: Основи на финансии, Јавни финансии, Фискален систем и фискална политика на ЕУ и Монетарна и фискална политика;
2. м-р Марија Гогова, магистер по економски науки, вработена на Економски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип на Катедрата за финансии;
3. м-р Тања Митева, магистер по економски науки;
4. м-р Дарко Тинтоски, магистер по економски науки.

Врз основа на приложената документација и нашето познавање на кандидатите, чест ни е на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Од приложената документација на пријавените кандидати, м-р Стеван Габер и м-р Марија Гогова ги имаат доставено комплетно бараните документи, според Конкурсот, додека останатите пријавени кандидати немаат комплетна документација и не ги исполнуваат условите предвидени според член 129 од Законот за високото образование.

***Биографски податоци***

Кандидатот **м-р Стеван Габер** е роден на 8 март 1980 год. во Велес. Основно (ОУ „Благој Кирков“) и средно образование (УСО „Јовче Тесличков“) завршува во Велес, а на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје завршува Економски факултет, на насоката Финансиски менаџмент, во предвидениот временски период. Веднаш по завршувањето на студиите се запишува на постдипломските студии на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ на департманот Монетарна економија, кои ги завршува во 2006 год. со висок просек, при што се здобива со академска титула **магистер по економски науки**. Кандидатот има работно искуство во период од 7 месеци во Министерството за финансии, во Кабинетот на министерот и во Секторот за даночен и царински систем. Од јули 2007 год. е ангажиран како асистент во областа *финансии и банкарство* на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, каде ги покрива предметите: Основи на финансии, Јавни финансии, Фискален систем и фискална политика на ЕУ и Монетарна и фискална политика. Кандидатот одлично ги владее англискиот, српскиот и германскиот јазик, а делумно го познава и шпанскиот јазик. Има одлични познавања од компјутерската литература и бројни сертификати за работа со компјутери, комуникациски вештини и јавен настап, како и за посета на Академија за економија, инвестиции и развој, организирана од Фондацијата „Конрад Аденауер“. Во изминатите три месеци кандидатот реализира студиски престој во Бамберг (Германија) за стручно и научно усовршување.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Кандидатот м-р Стеван Габер објавува бројни научни и стручни трудови со кои се согледува неговата научна активност, од кои поважни се следниве.

**Евалуација на трудот број 1:**
**"ECONOMIC IMPLICATIONS FROM DEFICIT FINANCE" / „ЕКОНОМСКИ ИМЛИКАЦИИ ОД ДЕФИЦИТНОТО ФИНАНСИРАЊЕ"**

Овој труд анализира еден од најпопуларните сегменти од буџетската политика – ефектите од дефицитното финансирање. Во процесот на обезбедување на економски услови за надминување на тековните економски кризи сите држави во светот се наклонуваат кон дефицитното финансирање, како начин за давање на финансиска поддршка на настраданите економии. Интенцијата на овој труд е осврт на ефектите кои произлегуваат од овој начин на финансирање од кои најпознати и најистакнати се ефектот на мултипликација, кој има значаен импакт врз агрегатната побарувачка во насока на обезбедување на полна вработеност и економски раст, crowding out ефектот кој ги истиснува приватните инвестиции на пазарот на капитал под интензивен притисок на побарувачката за капитал од страна на државата, што влијае на поскапување на неговата цена, како и Twin deficits ефектот, кој се однесува на корелацијата на буџетскиот дефицит и дефицитот во платниот биланс. Со трудот се констатира дека задолжувањата на државата се оправдани кога станува збор за финансирање на војна или излез од економски кризи, но никако и за непродуктивни државни трошења кои во иднина ќе треба да ги покриваат наредните поколенија преку плаќање на повисоки даночни давачки.

**Евалуација на трудот број 2:**
**"FISCAL STIMULATIONS FOR IMPROVING THE BUSINESS ENVIRONMENT IN REPUBLIC OF MACEDONIA" / „ФИСКАЛНИ СТИМУЛАЦИИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА БИЗНИС ОПКРУЖУВАЊЕТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА"**

Трудот се фокусира на истражување и согледување на координацијата помеѓу фискалната и монетарната политика и колкаво е нивното значење за нормално функционирање на економските процеси. Во ситуација кога националните економии се силно погодени од глобалната економска финансиска криза, заедничкиот пристап помеѓу фискалните авторитети и независните монетарни институции задолжени за спроведување на монетарната политика се смета за круцијален за одржување на задоволително ниво на економски раст и макроекономска стабилност. Трудот подетално се задржува на економската некоординација помеѓу овие две погореспоменати институции, што резултирало со негативен тренд во движењата на каматните стапки од аспект на домаќинствата и претпријатијата, односно во зголемување на каматните стапки како последица на порастот на каматните стапки во благајничките и државните записи. Овој труд го покажува конфликтот помеѓу овие две релевантни институции и како истиот негативно се рефлектирал врз функционалноста на нормалните економски и финансиски текови во македонската економија.

**Евалуација на трудот број 3:**
***"DEFICIT FINANCE – A MODERN TREND IN BUDGET POLICY" / „ДЕФИЦИТНОТО ФИНАНСИРАЊЕ – МОДЕРЕН ТРЕНД ВО БУЏЕТСКАТА ПОЛИТИКА"***

Според овој труд, скоро секоја земја настојува да постигне економски развој преку имплементација на дефицитното финансирање во фискалната политика. Таквата мерка ќе го зголеми реалниот БДП од една страна, но исто така ќе го зголеми и нивото на цените, од друга страна. Според тоа, овие две работи на краток рок се несигурни. Целта е да се

согледа како фискалните правила влијаат врз буџетскиот дефицит и статусот на јавниот долг во сите земји од Европската унија. Споредбата помеѓу земјите од ЕУ обезбедува витални податоци за траекторијата на дефицитот и долгот. Исто така, посветува и мало внимание на Пактот за стабилност и раст во кој се разгледува овој сегмент од фискалната политика. Со цел да го одржи овој начин на финансирање, државата мора да продолжи да се задолжува во намерата да одговори на интензивираната потрошувачка или капиталните инвестиции во разновидни државни проекти. Со други зборови, во овој труд се обрнува внимание на факторите кои придонесуваат државите да се одлучат за спроведување на дефицитна фискална политика.

**Евалуација на трудот број 4:**
**„УЛОГАТА НА ПАКТОТ ЗА СТАБИЛНОСТ И РАСТ ВО КРЕИРАЊЕТО НА ФИСКАЛНАТА ПОЛИТИКА ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА“**

Потрагата по формула за поставување на единствена фискална политика завршува успешно во Мастрихт во 1992 година, со потпишување на Спогодбата која била позната уште како рамка за фискалната политика на Европската унија. Оттаму произлегува почетокот во анализирањето на овој Пакт за стабилност и раст со разгледување на неговите карактеристики, критики и сугестии за унапредување на фискалниот дел од функционирањето на Економската монетарна унија (ЕМУ). Овој фрагмент од економската политика на ЕУ е еден од најинтригантните, бидејќи фискалната политика е конструирана од страна на националните влади во согласност со одредени правила како водичи во однос на монетарната политика, која, пак, е контролирана и имплементирана од страна на Европската централна банка. Овој труд го нагласува круцијалното значење на Пактот за стабилност и раст за одржување на економската стабилност во Европската унија, како и предлозите за надминување и унапредување на функционалноста на овој витален фискален механизам во ЕУ.

**Евалуација на трудот број 5:**
**„ЗНАЧАЈНОСТА НА ФИСКАЛНИТЕ ПРАВИЛА ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА СТАБИЛНА ФИСКАЛНА ПОЛИТИКА“**

Потребата да се обезбеди стабилна макроекономска политика ги стимулира земјите преку рестрикција на непродуктивните расходи, посебно во сегментот на јавен долг, да се фокусира на имплементација на стратегијата за здрава фискална политика. Секако, за да може да се постигне таа цел, фискалната политика нема да биде доволна. Исто така, потребна е координација и хармонизација со креаторите на монетарната политика. Оттаму, овој труд се занимава со анализа на неопходните критериуми за креирање на адекватни правила за фискалната политика, како опортунитет за примена на некои прагматични алтернативни правила. Значи ги зема предвид критериумите за избор на правила за одржување на фискалната дисциплина и алтернативните фискални правила кои се класифицирани во две широки групи: правила зановани на дефицит и долг и потрошувачки правила.

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Марија Гогова** е родена на 2 февруари 1984 година во Штип, Република Македонија. Дипломира на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во 2002/2003 година, на департманот Маркетинг. Во студиската 2006/2007 год., кандидатката посетува постдипломски студии на Економски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на студиската програма Монетарна економија. На крајот од студиите успешно го одбранува магистерскиот труд со наслов *„Слабостите на финансиската регулација како фактор за појава на финансиските кризи“*, со што се стекнува со академскиот степен **магистер по економски науки**.

Во однос на професионалното искуство, кандидатката м-р Марија Гогова од јули 2007 година работи на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип. Вработена е како помлад асистент на Катедрата за финансии.

Паралелно со извршувањето на работните обврски, таа континуирано ги надградува своите знаења преку посета и учество на повеќе семинари, обуки, курсеви, работилници и конференции од областа на економијата и финансиите. Има искуство како демонстратор по статистика за време на студирањето на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, практично искуство остварува во НЛБ Тутунска банка, а учествува и на конференција одржана од Светска банка во Париз.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Од нејзиното вработување на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, кандидатката м-р Марија Гогова ги објавува следниве научно-стручни трудови:

1. „Слабостите на финансиската регулација како фактор за појава на финансиските кризи“, магистерски труд, Економски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје, 2009.
2. „Регулација и модернизација на финансиските пазари“, труд, Академично издателство „Ценов“, Свиштов, 2008.
3. „Безбедноста на информациониот банкарски систем во Република Македонија“, труд, Едитура АСЕМ, Ќишењев, 2009.
4. „Општите психолошки фактори на однесување на потрошувачите“, труд, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ Штип, 2009.
5. „Евидентни недостатоци во регулирањето на финансискиот сектор“, труд, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ Штип, 2009.

Трудовите на кандидатката го потврдуваат нејзиниот интерес и активно стручно и научно ангажирање за истражување во научната област за која се однесува поднесеното барање за избор.

Во магистерскиот труд насловен како **„Слабостите на финансиската регулација како фактор за појава на финансиските кризи“**, кандидатката анализира неколку сегменти.

Магистерскиот труд е сегментиран на осум дела, вклучително воведното и заклучното обраќање. Тие сегменти се: причини за регулација на финансиските пазари, форми на регулација на финансиските пазари, финансиската регулација во банкарскиот сектор, финансиските кризи низ историјата, слабостите на финансиската регулација како фактор за појава на финансиските кризи и регулација на финансискиот сектор во Република Македонија.

Најпрво, во воведното обраќање се сосредоточува со тековните ситуации на финансиските пазари и кризата која ги зафати по пропаѓањето на една од најголемите инвестициони банки Lehmann Brothers.

Стручното опфаќање и анализа на материјата започнува со делот наречен „Причини за регулација на финансиските пазари“. Во овој дел кандидатката објаснува кои фактори стојат пред финансиската регулација како преуслов за постоењето и потребата од финансиска регулација.

Како одделни потточки се опфатени глобализацијата, финансиските иновации и потенцијалните финансиски кризи како аргументи за потребата од финансиско регулирање.

Анализата покажува дека глобализацијата како процес доста длабоко се има втемелено во финансиското работење. Финансиските пазари сè повеќе не се ограничени со некои физички граници и тргувањето добива меѓународни димензии, а притоа опфатот е толку голем што импликациите од финансиското работење се рефлектираат во многу

економски сегменти. Финансиските иновации (некои од нив појавени пред околу 40 години) се аргумент плус, поради тоа што обично се јавуваат како модалитети на веќе постоечки финансиски инструменти, а со тоа се создава можност за нивно избегнување во рамките на законските системи. Овде се надополнува и техничко-технолошкиот развој, посебно развојот на информатичките технологии. На крај од овој дел се прави осврт на потенцијалните финансиски кризи. Секое недобро раководење и водење на финансиски бизнис предизвикува нерамнотежи кои, за жал, во светот на финансиите не остануваат само во негови рамки, туку многу лесно може да го опфатат и целокупниот економски систем. Од тие причини, здравото формулирање на регулаторниот систем и неговата стриктна имплементација се неопходни за функционирање на еден општествен систем.

Понатамошниот дел на трудот ги анализира формите на регулација на финансиските пазари. Оваа анализа кандидатката ја прави со цел да посочи на начините на класифицирање на регулацијата, согласно со опфатот и видот на регулирање кое го вклучува во тие рамки.

Формите на регулацијата ги анализира како регулација на финансиските институции, регулација на финансиските активности, останати форми на регулирање и одделно разгледување на моделите на регулација на финансиските пазари. Ваквото категоризирање кандидатката го прави според тоа на кои институции им е дозволено да вршат одредени финансиски активности, што смеат тие да вршат и како работата треба да биде извршена. Посебен осврт се прави на инсајдерското тргување и на информационата асиметрија.

Во следниот дел кој е наречен *Финансиската регулација во банкарскиот сектор,* кандидатката по опфатот на причините зошто мора регулацијата да постои и како таа се реализира се насочува кон банкарскиот сектор. Ваквото конкретизирање за стриктно банкарски институции го прави од причина што најголемо учество на финансиските пазари имаат овие институции. Банките низ историјата оставале трага и со своето успешно работење, но и со своето неуспешно работење. Овој дел е поделен на следниве потточки: осврт на банкарските кризи низ историјата и улогата на регулацијата во тие епизоди, правна рамка на финансиската регулација во банкарскиот сектор, осигурување на депозитите, кредитно осигурување, менаџмент со ризиците во банките и банкарска супервизија. Со ваквото определување за опфат на темата, кандидатката најпрво ги набројува историските банкарски кризи и како регулацијата реагирала на нив низ времето, за да денес се формираат одредени законски рамки кои конкретизирано работат на ова подрачје, а потоа прави обработка на конкретните начини на регулирање на одделни банкарски компоненти кои влијаат и можат да се инфилтрираат во работењето на повеќе сектори (граѓани, домаќинства, претпријатија, држава).

Делот *Финансиските кризи низ историјата* веќе опфаќа поширок спектар на институции и нерамнотежи на финансискиот сектор, не само на банкарскиот сектор. Овде кандидатката ги опфаќа кризите во земјите со развиени финансиски системи, кризите во земјите со недоволно развиени системи. Потоа прави компарација на кризите низ историјата со кризата од 2007 година, посебно од аспект на влијанието на кризите врз нивото на вработеноста, инфлацијата, рочноста, БДП. Делот го завршува со согледување на улогата на регулацијата во предизвикувањето, настанувањето и одржувањето на кризата од 2007 година, како еден од основните причинители и ги анализира светските мислења и ставови по ова прашање.

Во следниот дел, кандидатката стриктно ги анализира слабостите на регулацијата како фактор за појава на финансиските кризи. Затоа овој дел е насловен како *Слабостите на финансиската регулација како фактор за појава на финансиските кризи*.

Овој тематски дел ги опфаќа слабостите на регулацијата при регулирањето на пазарот на пари, слабостите на регулацијата при регулирањето на пазарот на капитал, слабостите на регулацијата при регулирањето на одделни финансиски институции, како што се: пензиските фондови, осигурителните друштва, заедничките фондови и слично, за на крај да даде сопствен поглед на иднината на регулацијата во светот.

Сите овие засебни тематски единици, на крај, кандидатката ги сублимира во една тематска единица посветена на Република Македонија. Согледување на состојбите во Македонија, со осврт на аспектите и потенцијалните недостатоци, како и можности за запаѓање во криза на македонската економија.

Овој труд кандидатката го заокружува со заклучно излагање, во кое од секој дел на трудот вади свое гледиште на настаните, историјата и иднината.

Во трудот **„Регулација и модернизација на финансиските пазари“,** објавен од Академичното издателство „Ценов“ во Свиштов, кандидатката во коавторство со проф. д-р Ристо Фотов прават анализа на финансискиот пазар непосредно пред објавувањето на финансиската криза и пропаѓањето на инвестиционата банка Lehmann Brothers, со осврт на потребата од промена во регулаторните структури во Америка, Англија и Македонија.

Во овој труд се разгледува одразот на регулацијата врз финансиските трансакции кои имаат големо учество и удел во економските текови. Посебно поента е ставена на дерегулацијата извршена во 80-тите години на минатиот век, а се потенцира и на потребата од регулаторни реформи согласно со настаните во периодот на и пред 2007 година. Во трудот е направена анализа на тековните настани и случувања и согледувања на финансиските текови и прераспределба на средствата на финансиските пазари во периодот околу оваа 2007 година.

Во трудот **„Безбедноста на информациониот банкарски систем во Република Македонија“**, објавен како труд од Едитура АСЕМ од Ќишењев, кандидатката преку анализа на одлуките на Централната банка на Република Македонија за информационата безбедност во банкарскиот сектор, дава оценка на достигнувањата во Македонскиот информационен безбедносен банкарски систем. Во трудот таа ги анализира методите кои се применуваат и нивната компатибилност со светските потреби. Посебен аспект се става на барањата кои се отворени пред информационо безбедносните системи и потребите за нивно унифицирање во светски рамки. Согласно со ова, таа го покажува патот на Македонскиот систем и потребите од негово надградување кои се движат по одредени светски норми и стандарди и тековно вршат надградување. Посебно анализата, кандидатката ја врши преку работата на Централната банка во Република Македонија, со помал осврт на информационата безбедност и нејзината имликација во рамките на комерцијалните банки.

Во трудот **„Општите психолошки фактори на однесување на потрошувачите“**, објавен во публикација на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, кандидатката прави осврт на своето додипломско изучување од областа маркетинг. Во трудот кандидатката прави поврзување на психолошките фактори на однесување на потршувачите кај финансиските пазари и при реализирање на финансиските трансакции, посебно ако предвид се земе дека овие пазари се поспецифични од останатите „класични“ пазари, каде се тргува со физички производи. Финансиските пазари се повеќе услужно и инструментално ориентирани, а при вакво тргување се тргува со нечие богатство, па од таму специфичноста на оваа тема за анализирање и нејзино продлабочување.

Кандидатката во трудот **„Евидентни недостатоци во регулирањето на финансискиот сектор“,** објавен во публикација на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, прави анализа на хипотекарната криза од 2007 година, преку анализирање на модел за квантифицирање на ефектите од економските нерамнотежи. Овој модел се базира на претходни евидентни показатели во економијата. Овие показатели прават корелација меѓу времето, цените и запленување на хипотекарните гаранции. На ваков начин се потврдува ставот на согледување на состојбите во целина, а не само делумно распознавање на показателите без нивно комплетирање во целина. Кандидатката доаѓа до заклучокот дека

во финансискиот систем податоците алармирале на влошена економска состојба, која реално има шанси да заврши како криза, но сите истражувања кои биле вршени давале само парцијална слика на проблемот, а не и проблем во целина. Од таа причина, кандидатката го насочува трудот како посочување за потреба од согледување на цели слики и навремено реагирање на сите макар и минимално алармантни показатели.

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Тања Митева** е родена на 24 јануари 1983 година во село Таринци, Општина Чешиново – Облешево. Кандидатката м-р Тања Митева има постигнато просечна оценка 8,67 на постдипломските студии од областа *монетарна економија* на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“. Во контекст на нејзиното искуство во високообразовната дејност, кандидатката нема доставено докуметација со која би го потврдила нејзиното искуство од аспект на спроведување на наставно-научни активности во областа на меѓународната економија.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Кандидатката м-р Тања Митева нема пројавено научно-стручна активност.

***Биографски податоци***

Кандидатот **м-р Дарко Тинтоски** е роден на 28 септември 1974 година во Прилеп, Република Македонија. Економски факултет завршува во Прилеп, во 2001 година, и се стекнува со право на стручен назив **дипломиран економист** (забелешка: кандидатот нема наведено на кој отсек). По завршувањето на студиите се запишува на постдипломски студии на Економски институт при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, отсек Меѓународна економија и се стекнува со академски степен **магистер на економски науки. Дипломата е издадена на 20.2.2005 година, бр. 5. Во однос на неговото образование во 2005 година - магистер по економски науки, поважни предмети се: Европска економија, Корпоративни финансии, Управување со работна сила, Теорија на игра. Од 1999 до 2007 година работи во Македонски центар за меѓународна соработка, како раководител на проекти поврзани со одрживиот развој и јакнење на капацитетите на македонското општество. Во однос на неговото професионално искуство, работи како консултант/истражувач при Центарот за регионални истражувања и соработка „Студиорум“ - Скопје, како истражувач на Високата школа на новинарство и односи со јавноста. Исто така, кандидатот доставува дополнителна документација со која го потврдува учеството на обуки за: финансиски менаџмент и буџетитање, Закон за јавни набавки, сертификат за учество и обука на државни службеници за ЛЕР од Србија и Македонија и сертификат за учество на Меѓународно летно училиште „Глобализација со хумано лице“. Во контекст на неговото искуство во високообразовниот процес, кандидатот нема доставено докуметација со која би го потврдил неговото искуство од аспект на спроведување на наставно-научни активности во областа на меѓународната економија.**

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Кандидатот објавува натписи од една страна, конкретизирани со одредени коментари и мислења поврзани за одредени економски и политички прашања во дневниот весник „Денес“. Комисијата оцени дека натписите немаат научноистражувачка активност и не ги прифаќа како такви. М-р Дарко Тинтоски нема досатвено список на објавени научни и стручни трудови (по еден примерок од трудовите во оригинал - наведени во Конкурсот).

### ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Имајќи го предвид научноистражувачкиот и стручниот опус на кандидатите м-р Марија Гогова и м-р Стеван Габер, Комисијата смета дека тие имаат постигнато значајни резултати во научноистражувачкото и работното искуство.

Досегашното работно искуство на кандидатите м-р Марија Гогова и м-р Стеван Габер дава можност за успешно изведување на наставниот процес во делот на реализација на вежби по наведената група на предмети од областа финансии и банкарство.

Имајќи го предвид гореизнесеното, Рецензенската комисија дава предлог до Наставно-научниот совет на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип **да ги избере кандидатите м-р Марија Гогова и м-р Стеван Габер во звањето соработник во соработничко звање асистент за научната област финансии и банкарство на Економскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“.**

**Резензентска комисија**
**Д-р Крсте Шајноски, доцент, претседател, с.р.**
**Д-р Ристо Фотов, вонр. Проф., член, с.р.**
**Д-р Александар Костадиновски, доцент, член, с.р.**

**Табела**
**За вреднување на активностите на м-р Марија Гогова, според критериумите дадени во Правилникот за избор на наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип**

| Вид на активност | Број | Поени | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна (НО)** | | | |
| Вежби (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период) | 60 | Број на часови по 0,2 поени за секоја учебна година | **12** |
| **Научноистражувачка (НИ)** | | | |
| Труд со оригинални научни резултати, објавени во научно списание опфатено во (СЦИ/ЦА/останати) | 0 | 9/6/3 | **0** |
| Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир | 5 (3 во странство и 2 во земјава) | во странство 2,6 (3x2,6 коеф.) и во земјава 1,3 (2x1,3 коеф.) | **10,4** (3x2,6 +2x1,3) |
| Учество на научен собир со реферат (постер/усно) | 1 | во странство 1,5/2 | **2** |
| Одбранета магистерска работа | 1 | во земјава 4 | **4** |
| Учесник во научен проект | 1 | во странство 3 | **3** |
| Член на уредувачки одбор на научно списание | | | **0** |
| Студиски престој во странство | 1 | 8 | **8** |
| **Стручно-апликативна (САОР)** | | | |
| Член на факултетски орган, комисија | 2 | 2 | **4** |
| **ВКУПНО ПОЕНИ (НО+НИ+САОР)** | **43,4** | | |

**2007/2008** – Основи на финансии 3+2 - Меѓународна економија и Основи на финансии 3+2 – Здравствен менаџмент

**4 часа x 12 (неделен просечен фонд на часови во два семестра =24 недели/2) = 48 часа x 0,2 = 9,6 поени**

**2008/2009** – Основи на финансии 3+2 – Штип; Финансиски менаџмент во здравствени институции 2+1

**5 часа x 12 = 60 часа x 0,2 = 12 поени**

**2009/2010** – Основи на финансии 3+2 – Штип

**6 часа x 12 = 72 часа x 0,2 = 14,4 поени**

**Вкупно поени од вежби во три години: 180 часа/3 години= 60 часа x 0,2 = 12 поени**

**Т а б е л а**
**За вреднување на активностите на м-р Стеван Габер, според критериумите дадени во Правилникот за избор на наставници, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип**

| **Вид на активност** | **Број** | **Поени** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна (НО)** | | | |
| Вежби (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период) | 52 | Број на часови по 0,2 поени за секоја учебна година | **10,4** |
| **Научноистражувачка (НИ)** | | | |
| Труд со оригинални научни резултати, објавени во научно списание опфатено во (СЦИ/ЦА/останати) | 1 (1,3 коеф.) | 9/6/3 | **3,9** |
| Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир | 6 (2 во странство и 4 во земјава) | во странство 2,6 (2x1,3 коеф.) и во земјава 1,3 (1x1,3 коеф.) | **10,4** (2x2,6 +4x1,3) |
| Учество на научен собир со реферат (постер/усно) | 1 | во странство 1,5/2 | **2** |
| Одбранета магистерска работа | 1 | во земјава 4 | **4** |
| Учесник во научен проект | 1 | во странство 3 | **3** |
| Член на уредувачки одбор на научно списание | 1 | 4/2/1 | **1** |
| Студиски престој во странство | 1 | 8 | **8** |
| **Стручно-апликативна (САОР)** | | | |
| Член на факултетски орган, комисија | 1 | 2 | **2** |
| **ВКУПНО ПОЕНИ (НО+НИ+САОР)** | **44,7** | | |

**2007/2008** – Основи на финансии 3+2 - Меѓународна економија и Основи на финансии 3+2 – Здравствен менаџмент

**4 часа x 12 (неделен просечен фонд на часови во два семестра =24 недели/2) = 48 часа x 0,2 = 9,6 поени**

**2008/2009** – Основи на финансии 3+2 – Штип; Основи на финансии 3+2 – Струмица и Монетарна и фискална политика 3+1

**5 часа x 12 = 60 часа x 0,2 = 12 поени**

**2009/2010** – Монетарна и фискална политика 3+1; Фискален систем 3+1; Јавни финансии 3+1 – Штип и Јавни финансии 3+1 – Струмица

**4 часа x 12 = 48 часа x 0,2 = 9,6 поени**

**Вкупно поени од вежби во три години: 156 часа/3 години= 52 часа x 0,2 = 10,4 поени**